Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-151/4
20-03-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 151/1 од 06.02.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted] во Скопје, против лицето [redacted] Општина Струга, во својство на Претседател на здружение на бугарите [redacted] од Гостивар, за извршена дискриминација по основ на етничка припадност преку социјалната мрежа Facebook, користејќи личен профил, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на 17.03.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 - 151/1 од 06.02.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје против лицето [redacted] Општина Струга, во својство на Претседател на здружението на бугарите [redacted] од Гостивар, **поради непостоење на оправдан интерес за поднесување на претставка за заштита од дискриминација,** а врз основа на член 23 став (3) од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

## Образложение

На 06.02.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка за заштита од дискриминација од подносителот [redacted] од Скопје против лицето [redacted] од [redacted] Општина Струга, во својство на Претседател на здружението на бугарите [redacted] од Гостивар, за извршена дискриминација по основ на етничка припадност преку социјалната мрежа Facebook, користејќи личен профил.

Земен предвид фактот дека предметната претставка е поднесена од страна на здружение, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со Допис број 08-151/2 од 09.02.2023 година се обрати до здружението со барање за доуредување на претставка заради достава на Статутот на истото. Наведеното со оглед дека во член 23 став (3) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", број 258/20) е уредено дека здруженија, фондации, синдикати или други организации од граѓанското општество и институции, што имаат оправдан интерес за заштита на интересите на одредена група или во рамките на својата дејност се занимаваат со заштита од дискриминација, можат да поднесат претставка, ако направат веројатно дека со постапувањето на одредено физичко или правно лице се дискриминирани поголем број лица.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Здружението со Допис број 08-151/3 од 21.02.2023 година го достави Статутот, при што во член 1 од истиот е утврдено дека “здружението е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните кое ја ангажира заедницата во промоција на правдата, слободата и еднаквоста за сексуалните и родови малцинства во Македонија преку принципите на отчетност, солидарност и вклученост”, додека пак во член 12 од Статутот таксативно се наведени целите и задачите на здружението, и тоа:”Воспоставување на истражувачки програми на локално, национално и регионално ниво за генерирање на податоци и знаења за потребите и грижите на заедницата на сексуални и родови малцинства; Поддршка во индивидуално и колективно градење на заедница на сексуални и родови малцинства со цел нејзините припадници да се во првите редови на активностите на здружението; Застапување на политики и закони кои ги адресираат потребите на заедницата на сексуални и родови малцинства и ја обезбедуваат нивната заштита; Креирање, пружање и оценка на услуги од психосоцијална и правна поддршка за заедницата на сексуални и родови малцинства кои опфаќаат психолошко советување, индивидуална или групна психотерапија, мобилна психосоцијална поддршка, линија за советување за ЛГБТИ, услуги од социјална заштита (упатување, придружување, информирање), правна поддршка и советување и останати видови на соодветни услуги;...”

Врз основа на изнесеното се утврди дека во Статутот на здружението не е уредено дека истото во рамки на својата дејност се занимава со заштита од дискриминација по основ на етничка припадност што е услов за поднесување на претставка од страна на здружение, утврден со член 23 став (3) од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Од овие причини, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да ја отфрли оваа претставка поради **непостоење на оправдан интерес за поднесување на претставка за заштита од дискриминација.**

Скопје
20.03.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk